**М Е М О Р А Н Д У М**
**ЗА СОРАБОТКА**

Склучен во Скопје на 27.09.2009 година
Помеѓу :

1. **АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, претставувана од м-р Зоран Стрезовски, директор и

2. **УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**, претставуван од проф. Д-р Аце Миленковски, ректор.

Член 1

Договорните страни се согласни да воспостават меѓусебна соработка и заеднички да реализираат активност и проекти за јакнење на капацитетите на поединечните туристички субјекти во Република Македонија за рецептивен туризам.

Член 2

Да соработуваат во спроведувањето активности за градење на заеднички предлози за промена и создавање на законската регулатива од областа на туризмот во Република Македонија.

Член 3

Да соработуваат во изготвување на заеднички проекти за развој на туризмот во соодветни региони во Република Македонија.

Член 4

Да соработуваат во изработка на стратегии, програми и материјали за презентација на туристичките потенцијали на Република Македонија на саеми и туристички изложби во Републиката и во странство, како и заеднички да настапуваат со вклучување на кадровските потенцијали (вклучувајќи ги и студентите од Универзитетот) од двете страни во реализација на активностите .

Член 5

Заеднички да соработуваат во креирање на нови туристички производи во одредени региони во Република Македонија.

Член 6

Да соработуваат и заеднички да учествуваат во организирање на симпозиуми, советувања, трибини, форуми, работилници и други од областа на туризмот.

Член 7

Да соработуваат во организирање на саемот за туризам во Охрид за рецептивен туризам.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

Агенција за промоција и
подршка на туризмот на РМ
Директор,

М-р Зоран Стрезовски

Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје
РЕКТОР,

Проф.Д-р. Аце Миленковски